**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -
СКОПЈЕ

| Примено | 23. 02. 2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредн. |
| 07 | 1018/1 | | |

А. бр. 67-3/11
Скопје, 22.02.2011 година.

**До**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог на писмото Ви доставуваме примерок од Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2010 година.

Со почит,

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Костадин Кизов**

Прилог: Годишен извештај

ул. "Велко Влаховиќ" бр.26, кат 4 , Скопје
тел. . 02/ 3207-480 факс02/ 3207-482

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА**

**РАБОТАТА НА**
**СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**за 2010 година**

**Февруари 2010 година**

СОДРЖИНА:

ВОВЕД..................................................................................................................3

I. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ........................................................................................3

II. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА...................................................... 5

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ.....................................7

IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .........................................................................9

V. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ..............................................................................10

VI. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА...............................................10

## ВОВЕД

Јакнењето на правната држава и владеењето на правото неможе да се постигне без ефикасен, независен и професионален правосуден систем, а во рамките на тој систем и на самостојно јавно обвинителство.

Советот на јавните обвинители на Република Македонија е основан согласно Уставот на Република Македонија и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, како значајна новина во стратегијата за реформа на правосудниот систем.

Од неговото формирање (конституирање) во август 2008 година Советот своите активности ги насочи кон остварувањето на основната цел – обезбедување и јакнење на самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција.

Основна цел на Советот на јавните обвинители во иднина е натамошно афирмирање на самостојноста на јавно-обвинителската функција и нејзино непристрасно и објективно извршување. При тоа особено ќе се имаат во вид принципите на легалитет во кривичното гонење, еднаквоста на граѓаните пред законот и зацврстување на принципот на владеење на правото. Ова е од особена важност за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, според кој јавниот обвинител добива сосема нова улога и надлежност, како странка во постапката, а особено во истражната постапка.

Овој извештај за работата на Советот, нема аналитички пристап, туку има за цел реално да ги прикаже сите активности на Советот во годината за која се однесува.

Предходно, овој извештај кој согласно чл.13 од Законот за советот на јавните обвинители на Република Македонија, се поднесува до Собранието на Република Македонија е усвоен на седница на Советот.

## I – СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, во текот на 2010 година како колективен орган во согласност со Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонја и Деловникот за работа на Советот одржа вкупно 29 седници, на кои разгледуваше и одлучуваше по најразлични прашања.

Советот на одржаните седници, меѓу другото:

- донесе Годишен извештај за работа на Советот за 2009 година;
- донесе Програма за работа на Советот за 2010 година;
- ги разгледа Годишните извештаи за работа, Годишните распореди за работа и Програмите за работа на јавните обвинителства во Република Македонија;
- Разгледуваше информации за одредени настанати проблеми во работата на одредени јавни обвинителства
- Го утврди бројот на слободните работни места;
- Донесе одлуки и изврши измени на одредени подзаконскиакти на на Советот (Деловникот за работа на Советот, Правилникот за утврдување на начинот за оцена на работата на јавните обвинители и Правилникот за организација и ситематизација на работите и задачите на Советот);
- Донесе Одлука за измена на Одлуката за бројот на јавните обвинители на и во јавните обвинителства, така што го зголеми бројот на јавните обвинители за еден јавен обвинител утврдувајќи вкупно 210 јавно обвинителски места;
- На посебна Седница ја разгледа материјално финансиската состојба на Советот со мерки за нејзино разрешување;
- по оценка на Претседателот и членовите, Советот разгледуваше и заземаше ставови по одредени претставки и поплаки;
- разгледуваше прашања од административна и организациона природа;
- разгледуваше прашања поврзани со соработката со Републичкиот судски совет, Академијата за судии и јавни обвинители и други институции.

Покрај наведените активности централно место во работата на Советот на седниците беа прашањата за изборите и разрешувањата на јавните обвинители како основна функција во рамките на законските надлежности на Советот.

Во таа смисла Советот на повеќе одржани седници на дневен ред ги разгледуваше и одлучуваше за реализација на прашањата поврзани со изборите, утврдување на бројот на јавно обвинителските места, бројот на непополнети јавно обвинителски места, објавување и распишување на огласи за нивно пополнување и сл.

## II – ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА

Во текот на извештајната година Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по претходно поднесени писмени барања на вкупно десет (10) јавни обвинители на кои им истече мандатот, согласно чл.94 од Законот за јавното обвинителство ги избра за јавни обвинители без ограничување на мандатот и тоа во следните јавни обвинителства:

| Поднесени барања согласно чл.94 од Законот за јавно обвинителство | | |
|---|---|---|
| | избрани | престанок на функција |
| ЈОРМ | **1** | - |
| Виши јавни обвинителства | **4** | - |
| Основните јавни обвинителства | **5** | - |
| Вкупно | **10** | **-** |

Од податоците во табелата се гледа дека сите јавни обвинители кои поднеле барање за избор – трансформација на мандатот, беа избрани за јавни обвинители без ограничување на мандатот.

Во текот на 2010 година, Советот донесе одлуки да се распишат и објави огласи за избор на вкупно 45 јавни обвинители во повеќе јавни обвинителства ( Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишите јавни обвинителства, Основните јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција).

По спроведената постапка Советот изврши избор на 23 јавни обвинители и тоа:

| | |
|---|---|
| Јавно обвинителство на Република Македонија | 1 |
| Јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства | 1 |
| Јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства | 1 |
| Јавни обвинители во ОЈО за организиран криминал и корупција | 4 |
| Јавни обвинители на Основните јавни обвинителства | 5 |
| Јавни обвинители во Основните јавни обвинителства | 11 |
| ВКУПНО | 23 |

Од вкупниот број на избрани јавни обвинители (23) само 4 јавни обвинители се избрани од редот на кандидатите кои ја завршија обуката како втора генерација во Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија.

Карактеристично е тоа што Советот во текот на 2010 година на двапати го повтори огласот за избор на јавни обвинители од редот на кандидатите со завршена обука во Академијата, за Основните јавни обвинителства Велес, Тетово, Струмица и Гевгелија, меѓутоа и по двата огласи не беше извршен избор, бидејќи немаше пријавени кандидати.

## - ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА И РАЗРЕШУВАЊЕ

Во текот на 2010 година Советот на јавните обвинители на Република Македонија со одлука констатираше престанок на функцијата јавен обвинител на само (2) два јавни обвинители кои ги исполнија законските услови за старосна пензија, а немаше случај да се донесе одлука за разешување на јавни обвинители поради нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, недостојно однесување во врска со вршење на функцијата и други причини предвидени во Законот.

По спроведените избори и извшениот избор на кандидатите за јавни обвинители и констатираниот престанок на функцијата јавен обвинител, состојбата со пополнети и непополнетите места на јавни обвинители согласно одлуката за утврдениот вкупен број во Јавното обвинителство на Република Македонија и подрачјата на Вишите јавни обвинителства е следна:

| Утврден број на Јавни обвинители | | Пополнети | % | непополнети | % |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈОРМ | 12 | 12 | 100 | - | - |
| ВЈО СКОПЈЕ | 110 | 108 | 98,18 | 2 | 1,72 |
| ВЈО БИТОЛА | 36 | 34 | 94,44 | 2 | 5,54 |
| ВЈО ГОСТИВАР | 19 | 18 | 94,73 | 1 | 5,27 |
| ВЈО шТИП | 33 | 31 | 93,93 | 2 | 6,07 |
| Вкупно | 210 | 203 | 96,66 | 7 | 3,34 |

Од податоците во табелата се согледува дека од вкупно 210 јавни обвинители во Јавното овинителство на Република Македонија пополнети се 203, а останале непополнети места за 7 јавни обвинители.

Во тек е постапката по распишани огласи за избор на 6 јавни обвинители во Основните јавни обвинителства, со кандидати кои ја завршиле обуката во Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија.

Со пополнувањето – изборот на кандидатите по овие огласи и веќе избраните 4 јавни обвинители со завршена обука во Академијата, Советот не ќе ја исполни целосно обврската која ја имаше спрема кандидатите од втората генерација, со тоа што за три кандидати од оваа генерација ќе треба да бидат распишани огласи во наредната 2011 година.

## III ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ

Советот согласно чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, постапува по претставки и поплаки поднесени од граѓани и правни лица кои на еден или на друг начин останале незадоволни од работата на јавните обвинители.

Во текот на 2010 година во Советот беа примени вкупно 106 претставки и поплаки заведени во уписникот РО, а се постапуваше и по две претставки кои останале во работата од претходната 2009 година.

Постапувајќи по претставките Советот се произнел и ги известил подносителите по 102 претставки или 94,44 % додека 6 или 5,56 % претставки кои биле примени кон крајот на извештајната година останале во работа.

Споредено со минатата 2009 година кога биле поднесени вкупно 169 претставки и поплаки, во извештајната година се забележува намалување за 63 претставки или 37,27 %.

Во услови на немање на споредбени податоци за повеќе години наназад, бидејќи податоците во овој извештај се само втори целогодишни податоци за работата на Советот, неможе да се извлече заклучок за причините за намалениот прилив на претставки, дали тоа е резултат на подобрен квалитет на аботата на јавните обвинители или пак во прашање се други причини.

Структурата на подносителите на претставките и поплаките е следна:

| ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ВО 2010 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | % | завршени (а/а) | % | во работа | % |
| Физички лица | 90 | 84,90 | 84 | 93,33 | 6 | 6,67 |
| Правни лица | 3 | 2,83 | 3 | 100 | - | - |
| Анонимни | **13** | 12,27 | 13 | 100 | **-** | **-** |
| Вкупно | **106** | **100** | **100** | **94,34** | **6** | **5,66** |

Советот постапувајќи по поднесените претставки и поплаки, во согласност со Закон утврдената надлежност, врши нивна проверка преку непосреден увид, а постапува и согласно чл.21 од Законот за јавното обвинителство барајќи од непосредно повисоките јавни обвинителства да извршат надзор и контрола по конкретен предмет.

Структурата и бројот на претставките по конкретни јавни обвинителства и по подрачја на вишите јавни обвинителства е следната:

| Јавни овинителства | вкупно | % |
|---|---|---|
| ОЈО Скопје | 25 | |
| ОЈО Гевгелија | 4 | |
| ОЈО Крива Паланка | 4 | |
| ОЈО Велес | 6 | |
| ОЈО Куманово | 6 | |
| ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција | 6 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Скопје | 51 | 48,12 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Битола | 8 | |
| ОЈО Прилеп | 3 | |
| ОЈО Охрид | 3 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Битола | 14 | 13,21 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Тетово | 3 | |
| ОЈО Кичево | 9 | |
| ОЈО Гостивар | 6 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Гостивар | 18 | 16,98 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Штип | 7 | % |
| ОЈО Кочани | 5 | |
| ОЈО Струмица | 5 | |
| ОЈО Св.Николе | 1 | |
| ОЈО Делчево | 2 | |
| ОЈО Радовиш | 3 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Штип | 23 | 21,69 |
| **Вкупно се** | **106** | **100 %** |

Од показателите во табелите се гледа дека убедливо најзастепени се претставките кои се однесуваат за работењето на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје. Ваквата состојба е сосема логична, ако се има предвид фактот дека на ова подрачје функцијата јавен обвинител ја вршат најмногу јавни обвинители – 110 од вкупно 210 јавни обвинители во целата јавна обвинителска организација.

Исто така од горе наведените табеларни прегледи се согледува дека сите претставки се однесуват за работата на Основните јавни обвинителства.

Во извештајниот период нема поднесено претставка за работата на Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишите јавни обвинителства Скопје, Битола, Штип и Гостивар и Основните јавни обвинителства Ресен, Дебар, Кавадарци, Берово и Струга.

## IV МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Реализирајќи го делот на програмата за работа на Советот за 2010 година кој се однесува на активностите на планот за меѓународната соработка, Советот во извештајната година реализира три средби со претставници на меѓународни европски правосудни институции. Средбите беа организирани преку Академијата за судии и јавни обвинители со судии и јавни обвинители од земји членки на Европската унија во рамките на меѓународната соработка која Академијата за судии и јавни обвинители ја остварува со Европската правосудна мрежа за обука EJTH 2010.

Исто така, во месец април гостин на Советот беше и директорот на школата за магистрати на Република Албанија.

На средбите беше разговарано и беа разменети мислења по прашањата за надлежностите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, а особено за начинот на избор на јавните обвинители и нивната положба, унапредување, оценување и разрешување, со што беше афирмирана позицијата на Советот во меѓународни рамки.

## V ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

- Советот на јавните обвинители во 2010 година преку застапеност и учество на негови членови, учествуваше во повеќе проекти на Министерство за правда на Република Македонија за измени на Законот за кривична постапка, Кривичниот законик и Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

Во текот на месец април 2010 година во Пониква - Кочани, Советот организира заеднички состанок со јавните обвинители од Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишите јавни обвинители и Основните јавни обвинители на кој беа разгледани годишните извештаи за работа на јавните обвинителства во Република Македонија за 2009 година.

Советот во соработка со Аакадемијата, повторно со свои претставници активно учествуваше на тргалезни маси, семинари и советувања, организирани од Академијата и Здружениот на јавните обвинители на Република Македонија и други институции.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## VI МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

И во овој извештај мора да констатираме дека Советот и понатаму нема сопствен буџет, дека е дел од буџетската програма на Јавното обвинителство на Република Македонија и дека и понатаму се соочува со сериозен проблем од недостаток на финансиски средства што негативно се одразува врз редовното работење и реализацијата на активностите предвидени согласно Програмата за работа на Советот.

Заради поголема успешност во 2011 година како приоритети на кои ќе се обрне посебно внимание Советот ги утврди:

- дефинирање на буџетскиот статус на Советот и обезбедување материјално – финансиски средства, како предуслов за ефикасно функционирање и извршување на своите со Законот определени надлежности;

- ажурирање на персоналните листи за секој јавен обвинител со внесување оцена за неговото работење;

- натамошно унапредување на соработката со Судски совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители;

- унапредување на соработката со сродни институции од регионот и пошироко;

- унапредување на стратегијата за избори на јавни обвинители за наредните години, како и други прашања и проблеми кои тековно ќе произлегуваат.

На крајот да напоменеме и тоа дека при крајот на извештајната година, Советот изготви Стратешки план во кој се зацртани целите на развој за периодот од 2011 заклучно со 2013 година, кој што треба да се донесе и усвои на Седница на Советот во почетокот на наредната година.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА